МАКЕДОНИЈА

Новинарите сè уште без правда за нападите на 27 април: ЗНМ со реакција на одлуките на Апелациониот суд

Објавено пред 5 месеци - 23 април, 2025
Од **В. Ј.** / **Макфакс**

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) изразува сериозна загриженост поради последните одлуки на Апелациониот суд Скопје од април 2025 година, со кои беа одбиени жалбите на новинарите нападнати за време на насилствата во Собранието на 27 април 2017 година.



Дознај прв!



„Овој датум останува запаметен како ден кога брутално беа прекршени правата на новинарите и медиумските работници. Наместо да биде потврдено дека нападите и заканите кон новинари се неприфатливи, судот испраќа порака дека ваквите дела може да поминат неказнето. Ваквите одлуки го поткопуваат правото на безбедно и слободно новинарство.

ЗНМ укажува и на контроверзните ставови во образложението на судот, каде што се тврди дека слободата на изразување не важи кога има насилни настани. Овој став е спротивен на претходните три одлуки на Уставниот суд, како и на Европската конвенција за човекови права и на Уставот на државата. Уставниот суд веќе еднаш пресуди дека ваквото толкување е погрешно и го нарушува правото на изразување“.

ЗНМ смета дека е особено проблематично што судот ја минимизира обврската на државата да ги заштити новинарите сугерирајќи дека таа заштита не треба да биде „преголем товар“ за институциите. Ваквиот пристап, како што велат, остава впечаток дека институциите се повеќе загрижени за сопствениот комодитет отколку за заштита на основните човекови права.

Според ЗНМ, иако конкретните одлуки на Уставниот суд се однесуваа на друг предмет, тие се конечни, обврзувачки и важат за сите институции – вклучително и за Апелациониот суд. Непочитувањето на овие обврски е сериозен удар врз владеењето на правото.

„Последните пресуди на Апелациониот суд Скопје се однесуваат на колегите Наташа Стојановска, Билјана Николовска, Игор Јанковски и Томе Ангеловски – новинари кои и по осум години чекаат правда. Овие одлуки покажуваат дека правната заштита на новинарите и натаму е слаба, а неказнивоста на насилниците создава страв и несигурност кај сите оние што секојдневно известуваат за прашања од јавен интерес“.

ЗНМ апелира до судските и до другите надлежни институции да ги преиспитаат овие одлуки и да осигурат дека новинарите ќе добијат соодветна правна заштита. Како што нагласуваат, нападот врз новинар е напад врз демократијата и секој таков чин мора да биде истражен и санкциониран.

Најавуваат дека ЗНМ ќе продолжи будно да го следи развојот на овие случаи и ќе се залага за целосна правда за сите новинари жртви на насилство.

Like Share Post

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ЗНМ



ПРЕТХОДНО

Пет пациенти денеска се враќаат од Србија, во странство хоспитализирани уште 38

ДПМНЕ и ЗНАМ попусто го бришат името Македонија, Грција и Бугарија со нова амандманска блокада, велат од Левицата

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

ЗНМ и ССНМ: Недолично однесување на претставници на Министерството за здравство кон новинари е недозволиво

ЗНМ и ССНМ: Потребно е целосно расветлување на сомнежите за прислушување новинари

ЗНМ и ССНМ бараат итна проверка на околностите со случајот со новинарите во Демир Хисар

ЗНМ: Пресудата за новинарот Стојановски е чекор напред, но правдата за новинарите сè уште не е завршена

ЗНМ: Апелите од Министерството за здравство се на граница на цензура

ЗНМ ги додели наградите за најдобри фоторепортерски остварувања за 2024 година

МАКЕДОНИЈА

Лукровски: На Карпош му е доста од бетонизација, ќе се формира ЈП „Карпош план“ со цел ревизија на сите урбанистички планови

Објавено пред 1 минута - 2 октомври, 2025
Од **В. Ј.** / **Макфакс**



СВЕТ
Фи
пре
за ц

СВЕТ
Г7:
ќе п
рус

МАК
(Ви
упа
пло
Тун

СВЕТ
Орб
грe

МАК
Сиј
ста
Срб
сил

СВЕТ
Укр
Пут
дро
аме

МАК
Пор
грej
нед

ТОП
Кра
пов

МАК
„По
мож
Орб
Укр
кон

МАК
Јан
час
сво

МАК
Суд
одл
Коц
пос

МАК
Шум
вет
пре
мин
фил
сер

МАК
Сис
што
пат
ЕВРО
Екс
Ми
дру

На Карпош му е доста од бетонизација. Нашата општина, која со години важеше за пример на хумано и квалитетно живеење, денес е под притисок на непланска градба, урбанистички решенија кои ја гушат секоја населба, вели Сотир Лукровски,кандидат за градоначалник на Карпош од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

МАКЕДОНИЈА

Лекари од кај нас ќе одат на краток престој за обуки и во Италија и во Австрија, за Словенија веќе се дефинира соработката

Објавено пред **6 минути** - **2 октомври, 2025**
Од **Маја Илиевска-Пачемска**

ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР 9
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

Лекари од кај нас ќе одат на обуки и во Италија и во Австрија покрај Словенија за каде што веќе се подготвува договорот за соработка, најави денес министерот за здравство, Азир Алиу. На ваков начин ќе се надоместува недостигот од кадар во јавното здравство, а истовремено ќе се подготви национална стратегија за покривање на јавното здравство со кадар за наредните 10 години. Превидено е наши лекари да одат на обуки во земјите со кои ќе се соработува за кадар, а лекари од таму да доаѓаат да лекуваат на нашите клиники.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

МАКЕДОНИЈА

Муртезани – Странд: Македонија и Финска ја делат визијата за проширувањето како стратешка политика



Објавено пред **8 минути** - **2 октомври, 2025**
Од **В. Ј. / Макфакс**

Министерот за европски прашања на Република Северна Македонија, Орхан Муртезани, денеска во Скопје беше домаќин на министерот за европски прашања на Република Финска, Јоаким Странд, кој престојува во работна посета на регионот. Средбата се одржа во контекст на континуираниот дијалог меѓу Северна Македонија и Финска за европската интеграција и реформските процеси, со цел зајакнување на билатералното партнерство и потврдување на стратешката определба за проширувањето како политика од заеднички интерес.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...



УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia